Република Македонија
**Министерство за правда**

[redacted]

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification
BUREAU VERITAS 1828

Бр. 14-3662/2
Скопје, 12. 10. 2016 год.
Влада на Република Македонија

Министерство за правда

Димитрие Чуповски бр. 9
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 3116 - 493
Факс. 02) 3116 - 002

Веб-локација: www.pravda.gov.mk
Е-пошта: cabinet@mjustice.gov.mk

**До:**

**ИНСТИТУТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС"**
**Ул.„Теодосиј Гологанов" бр. 42А/3 и 42А/4,**
**1000, Скопје**

**ПРЕДМЕТ:** Мислење по доставени препораки за Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2017 година

**ВРСКА:** Допис Ваш број 0302-368/16 од 14.09.2016 година доставен до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија

Почитувани,

Ве известуваме дека Министерството за правда со внимание ги разгледа Вашите предлози со кои давате придонес во процесот на подготвување на Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2017 година, и по однос на истите, во рамки на своите надлежности, го дава ова мислење за нивната релевантност и прифатливост.

По однос на предлозите дадени под насловите „Подобрување на праксата на пријавување на коруптивните дејствија преку заштита на укажувачите", „Механизам за регистрација на подароците кои ги добиваат службениците и јавна достапност на креираните регистри", „Системи на интегритет во институциите" и „Зголемување на соработката помеѓу институциите и граѓанските организации", Ве известуваме за следното:

1. Дијалогот со граѓанскиот сектор во врска со регулативата поврзана со укажување на корупција е отпочнат со објавувањето на Известувањето за почеток на процесот за изготвување на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата – во насока на воведување системска заштита на лицата кои заради заштита на јавниот интерес, безбедност и одбрана пријавиле и на тој начин алармирале дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши кривично дело против службената

должност или друго незаконито и недозволиво постапување - (објавено на ЕНЕР и на веб-локацијата на Министерството за правда, на 30.10.2013 година), и истиот процес е завршен со моментот на отпочнувањето на политичките преговори по однос на нацрт-текст на Закон за заштита на укажувачи (предложен од страна на група пратеници во Собранието на Република Македонија, а потоа донесен на 10.11.2015 година и објавен во „Службен весник на Република Македонија", бр. 196/2015). Процесот на консултации се иницира во пресрет на изготвување на нова предлог регулатива или изготвување извештај за оценка на спроведувањето на регулативата. Во меѓувреме, сите предлози кои се добиваат за изготвување на предлог регулатива или во врска со имплементација на законите во надлежност на Министерството за правда, се земаат предвид, односно се доставуваат до соодветните работни групи, кои пак вршат консултации со засегнати страни, вклучително со граѓанските организации, согласно документите кои се однесуваат на консултативниот процес.

2. Со Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2016-2019, предвидено е преземање активности во насока на воведување на концепт на интегритет (активности превидени во Акциониот план, под Стратегиска цел 1: Зајакнат институционален систем и легислатива за превенција од корупцијата и судирот на интереси).

3. Министерството за правда ги разгледа и зема предвид препораките на Совет на Европа - Венецијанска комисија дадени по однос на Законот за заштита на укажувачи.

Во врска со Вашиот предлог под насловот „Искористување на програмскиот буџет за борба против корупцијата", Ве известуваме дека не постои регулатива која овозможува доделување на јавен конкурс средства кои останале како разлика од неискористени и искористени буџетски средства. Во насока на Вашите предлози за зголемена проактивност и иновативност, предвидено е спроведување на активности во кои ќе бидат вклучени граѓански организации, а за чие спроведување ќе бидат искористени средства од Буџетот на Министерството за правда за 2017 година – Потпрограма 2: Антикорупциска политика и борба против организираниот криминал.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Во врска со Вашиот предлог даден под насловот „Дополнително следење на можен судир на интереси кај регулаторите", Ве известуваме дека со член 27 од Законот за спречување на корупцијата утврдено е следното: „Избрано или именувано лице, како и друго службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал што во рок од три години од денот на престанокот на функцијата, односно должност ќе основа трговско друштво или ќе започне да се занимава со дејност со која се остварува профит во областа во која работел, е должно во рок од 30 дена за тоа да ја извести Државната комисија". Примената на оваа одредба е во надлежност на Државната комисија за спречување на корупцијата која веќе презема активности за подобрување на размената на податоци со други институции и органи.

Во врска со Вашиот предлог даден под насловот „Анкетни листови и нивна историја и обработливост", Ве известуваме за следното:

1. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 97/2015 година) дополнет е член 35 од Законот, со цел прецизирање на обврската за објавување на анкетните листови и пријавите за промена во имотната состојба.

2. Одредбите од Законот за спречување на корупцијата и од Законот за спречување судир на интереси не утврдуваат бришење на податоците од доставените анкетни листови и изјави за интереси по престанувањето на функцијата односно должноста на избраното односно именуваното лице. Напротив, податоците се чуваат во базата согласно закон.

3. Со Акциониот план за Отворено владино партнерство 2016-2018, предвидена е мерката „1.2 Отворени податоци за анкетните листови" заради обезбедување целосен увид и приказ на имотната состојба и промените во имотната состојба на избраните и именувани лица од моментот на стапување на функција како и по престанокот на вршење на функцијата.

4. Министерството за правда го зема превид предлогот за изготвување измени и дополнувања на Законот за спречување на корупцијата во насока на воведување обврска за годишно ажурирање на податоците за имотната состојба.

Министерството за правда го зема предвид и Вашиот предлог даден под насловот „Потранспарентно финансирање

на политичките партии“ за воведување единствен регистар на донатори.

Владата на Република Македонија, на својата седница одржана на 14.06.2016 година, донесе Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2017 година („Службен весник на Република Македонија“, бр. 115 од 21.06.2016 година), согласно која Бескомпромисната борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото е утврдена за една од стратешки приоритети во 2017 година, за чиешто остварување, меѓу другите, утврдени се следните приоритетни цели:

- зајакнување на внатрешната финансиска контрола преку воспоставување на децентрализиран систем на управување со финансиите во институциите во јавниот сектор;
- заокружување на реформите во правосудството;
- јакнење на владеењето на правото;
- јакнење на борбата против корупцијата и организираниот криминал;

Министерството за правда, согласно своите надлежности, учествува во создавање на нормативни и организациски претпоставки во областите за кои е надлежно.

Како орган на државната управа, Министерството за правда е надлежно да врши работи што се однесуваат на:

- судството, јавното обвинителство, јавното правобранителство;
- кривичната одговорност и одговорноста за прекршоци; нотарските работи, адвокатурата и други видови правна помош;
- наследувањето, сопственоста, стварните права и облигационите односи;
- меѓународната правна помош;
- извршувањето на санкциите за кривични дела и прекршоци;
- организацијата и управувањето со казнено-поправните и воспитно-поправните установи;
- амнестијата и помилувањето;
- судските вештачења, експертизи и супер-вештачења;
- изборниот систем, водењето евиденција на избирачкото право;

Република Македонија
**Министерство за правда**

[redacted]

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

- кривичната, прекршочната, парничната, вонпроцесната, извршната постапка;
- вршењето на работите што не спаѓаат во надлежност на друг орган на државната управа и
- врши други работи утврдени со закон.

**Предвид сето горенаведено, Ве известуваме дека Министерството за правда, во рамки на своите надлежности, Вашите предлози ги зема предвид да се реализираат во рамки на стратешките, односно програмските документи и нивните акциони односно оперативни планови кои се веќе изготвени или се во фаза на подготовка.**

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА,
Valdet Xhaferi